Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 31 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 јули 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за издавање на  лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.82/19 и 6/21).

2. Одлуката за издавање на  лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.82/19 и 6/21), престанува да важи по основ на барање на носителот на лиценцата, Друштвото за трговија со електрична енергија ЕНЕКОД ДОО експорт-импорт Скопје.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија со електрична енергија ЕНЕКОД ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. 1738 бр. 20-1/15 Скопје-Центар (во натамошниот текст: Друштво) на 2 јуни 2021 година до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија УП1 бр.12-99/21 од 2 јуни 2021 година (во натамошниот текст: Барање).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7, односно од Прилог 2 Образец БЛ 24 од Правилникот за лиценци во оригинал. Друштвото го комплетираше барањето на 13 јули 2021 година

Согласно информациите наведени во Образецот БЛ 24, Друштвото побара престанок на лиценцата поради престанување со работа на компанијата по барање на сопствениците.

Регулаторната комисија за енергетика на 15 јули 2021 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 31 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за престанок на важење на одлуката издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија на Друштвото за трговија со електрична енергија ЕНЕКОД ДОО експорт-импорт Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-99/21**
**15 јули 2021 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

изготвил: Марија Костадиновска

контролирале: Мерита Дема

Фаредин Адеми

одобрил: Никола Николиќ

Në bazë të nenit 24 paragrafi (1) pika 1 nënpika 17 të Ligjit të Energjetikës* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 96/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 96/19) dhe nenit 31 paragrafi (1) pika 1) të Rregullores së Licencave (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 15 korrik 2021, miratoi

**VENDIM**
**PËR NDËRPRERJEN E VLEFSHMËRISË SË VENDIMIT PËR LËSHIMIN E LICENCËS SË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE, TREGTI ME ENERGJI ELEKTRIKE**

1. Me këtë vendim nuk vlen më Vendimi i Lëshimit të Licencës së Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike, Tregti me Energji Elektrike (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.82/19 dhe 6/19).

2. Vendimi i Lëshimit të Licencës së Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike të Tregtisë me Energji Elektrike (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.82/19 dhe 6/21), nuk vlen më, bazuar në kërkesën e bartësit të licencës, Shoqërisë së Tregtisë me Energji Elektrike “ENEKOD” SHPK eksport-import, Shkup.

3. Ky vendim hyn në fuqi në datën e miratimit të tij dhe botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1 nr. 12-99/21**
**15 korrik 2021**
**Shkup**

**Kryetari i**
**Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**Марко Бислимоски**